Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.02-260 од 29.04.2021 година, со дополнување Уп1 бр.02-260 од 05.05.2021 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1952/5 од 18.05.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 18.05.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Фари Елез, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице, Валентин Бајрам, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted].

2. Се задолжува Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-260 од 29.04.2021 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна, во смисла на тоа што доставената тековна состојба за радиодифузерот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, беше постара од 15 дена од денот на издавањето, што е спротивно на Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/14). Имајќи го предвид ова, Агенцијата со Допис Уп1 бр.02-260 од 04.05.2021 година, писмено го извести ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и побара од него да го доуреди Известувањето. На 05.05.2021 година, радиодифузерот достави во Агенцијата

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

нова тековна состојба (Уп1 бр.02-260 од 05.05.2021 година), со што доставеното Известување е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-260 од 29.04.2021 година, со дополнување Уп1 бр.02-260 од 05.05.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Бр.02-260**
**19.05.2021 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

.